Архивски број: 08-401/13
29-08-2023 година

Постапувајќи по претставката бр. 08-401 од 14.06.2023 година, поднесена од Европскиот центар за правата на Ромите против Министерството за внатрешни работи врз основа на имотна состојба во областа на правосудство и управа, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 29.08.2023 година, го донесе следното

**МИСЛЕЊЕ**

**СЕ УТВРДУВА ИНДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на имотна состојба и социјално потекло во областа на правосудство и управа сторено од страна на Министерството за внатрешни работи како предлагач и спроведувач на Законот за пријавување на живеалиштето и престојувалиштето.

**Образложение**

На 14.06.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка од страна на Европскиот центар за правата на Ромите против Министерството за внатрешни работи, за сторена дискриминација врз основа на имотен статус и етничка припадност.

Во претставката подносителот презентира неколку правни ситуации кои според него се извор на нееднакво постапување врз основа на имотниот статус и етничката припадност на оваа група граѓани. Следствено, Подносителот тврди дека при постапка за издавање на прва лична карта, потребно е обезбедување на присуство на родител/старател врз основа на одредбите предвидени во Упатството на Министерството за внатрешни работи. Според подносителот, ваквиот критериум не е во согласност со Законот за лична карта бидејќи секогаш би имало ситуации каде што лица како Мемет Камбер[1] не се во можност да обезбедат присуство на родител или старател од најразлични причини а со тоа да добијат лична карта и следствено, пристап до здравствена, социјална заштита и други права на иста основа со другите граѓани на С. Македонија.

Втора правна ситуација која ја опишува подносителот се однесува на лица кои живеат во импровизирани живеалишта и нелегализирани објекти кои исто така не се во можност да пријават точна адреса на живеалиште а со тоа да добијат уредни и лични документи. Како што наведува подносителот, во други европски држави, лицата кои немаат сопствен дом, истите пријавуваат живеалиште на адреса на најблискиот центар за социјални работи за што потенцијално истото решение може да биде одржливо и применливо во нашата држава.

Дополнително, подносителот на претставката тврди дека постојат и други примери на лица кои го загубиле својот живот или се соочуваат со разни здравствени проблеми а истите имаат сериозни

[1] Мемет Камбер беше граѓанин впишан во Матична книга на родени, со поседување на македонско државјанство но без можност да добие лична карта врз основа на постојната легислатива. Повеќе на: https://telma.com.mk/2023/06/13/dnk-analizata-gi-otkri-roditelite-na-memet-kamber-se-cheka-na-reakcija-od-instituciite-i-posthumno-da-se-ispravi-sistemskata-nepravda/

предизвици да пристапат до разни институции а особено здравствените домови, центрите за социјална работи, полицијата и слично. Според нивните статистики, постојат околу 1000 лица без документи кои се под закана да ја имаат истата судбина како Мемет Камбер како лице без лична карта, живеејќи во услови под социјалните маргини и во дом кој бил диоградба.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, испрати барања за произјаснување до повеќе институции со цел подробно запознавање со проблемот опишан во претставката и добивање подлабок увид во потенцијалното решение. Следствено, Комисијата испрати барања произјаснување на 03.07.2023 со наш арх. бр. 08-401/4 до Министерството за транспорт и врски, 08-401/5 до Управа за водење на матичните книги, и 08-401/6 до Министерството за внатрешни работи. Ниту една од горенаведените институции не даде одговор по барањата за произјаснување доставени од Комисијата. Поради тоа, врз основа на член 29 од Законот за спречување и заштита од дискриминација на 10.07.2023 година со наш арх. бр. 08-401/7, Комисијата достави барање за увид до Министерството за внатрешни работи. На 15.08.2023 со наш арх. бр. 08-401/8 достави ургенција за одговор на барање за произјаснување до Министерството за внатрешни работи, 08-401/9 до Министерството за транспорт и врски и 401/10 до Управата за водење на матичните книги. До моментот на пишување на ова мислење, ниту една институција на одговори на ургенциите, а дополнително, од Министерството за внатрешни работи не се одзваа на барањето за вршење за увид согласно член 29 од Законот за спречување и заштита од дискриминација. Иако законот предвидува прекршочни одредби за оневозможување на увид, сепак Комисијата сметаше дека товарот на докажување е преминат врз Министерството за внатрешни работи што следствено, во корист на институцијата би било да достават податоци и да овозможат увид во корист на подобар преглед на целиот предизвик кој е опишан во претставката.

При утврдување на диспозитивот од ова мислење, Комисијата направи преглед на релевантната легислатива поврзана со предметниот проблем. Имено, Уставот на Р. Северна Македонија во член 9 предвидува дека граѓаните се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување и **имотната и општествената положба.** Граѓаните пред Уставот и законите се еднакви. Дополнително, член 54 од Уставот предвидува дека ограничувањето на слободите и правата не може да биде дискриминаторско по основ на пол, раса, боја на кожа, јазик, вера, национално или **социјално потекло, имотна** или **општествена положба.**

Земајќи ги во предвид наводите во претставката, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека станува збор за сторена индиректна дискриминација која произлегува од Законот за пријавување на живеалиштето и престојувалиштето како закон предложен и спроведуван од страна на Министерството за внатрешни работи. Следствено, Комисијата утврди дека е исполнета законската дефиниција за индиректна дискриминација содржана во **член 8 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација**, кој гласи:

*„Индиректна дискриминација постои кога преку навидум неутрални прописи, одредби, критериуми, програми или практики, се става некое лице или група во понеповолна положба врз дискриминаторска основа во споредба со други лица или група лица, освен кога произлегува од легитимна цел, а средствата за постигнување на таа цел се пропорционални, односно се соодветни и неопходни.“*

Во однос на предметниот проблем, Комисијата ја утврдува индиректната дискриминација содржана во Законот за пријавување на живеалиштето и престојувалиштето. Имено, во постојниот закон во член 2, став 2 е предвидено дека „се смета дека граѓанинот има обезбедено стан за


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

живеење во смисла на овој закон, ако тој или член на неговото семејство има вселив стан по основ на сопственост или договор за закуп во согласност со законот. Имајќи го во предвид ова, моменталната легислатива овозможува само граѓаните кои имаат свој имот, имот на родители и договор за закуп на стан, можат да пријавуваат живеалиште и врз основа на тоа да добијат или ажурираат лична карта. Ваквото решение ги става во нееднаква положба разни социјално ранливи и други категории на граѓани кои од најразлични причини во моментот немаат имот во своја сопственост, живеат во објекти кои што не се легализирани или пак поради несреќен плет на околности остануваат во даден момент без имот што значи дека кога би им истекла личната карта, истите не можат да ја ажурираат токму врз основа на фактот што не може да им биде впишана адреса на живеење во самиот идентификациски документ.

Непоседувањето на лична карта или поседување на истечена лична карта која што не може да се ажурира води кон продлабочување на нееднаквоста преку продлабочување на разликата на јазот во однос на социјалното и имотното потекло наспрема останатите граѓани. Следствено, сите граѓани кои не можат да извадат или ажурираат лична карта, немаат право на пристап до јавни добра и услуги како и останатите. Таквите јавни добра и услуги се однесуваат на пристап до социјални и здравствени бенефиции, пристап до соодветно социјално домување, пристап до социјални центри, пристап до центри за бездомници, пристап до банкарски сметки, пристап до работа и така натаму. Поради ваквото ограничување, како што е наведено погоре, граѓаните се ставени во еден „круг" од кој потенцијално не постои излез бидејќи не можат да остварат никакво право загарантирано со Уставот од кое произлегува критериум каков што е „поседување на важечка лична карта". Врз основа на ова, дека немањето законска регулатива што ќе уредува начин на обезбедување на податок за престојувалиште на лица без имот и бездомни лица, резултира со неможност за добивање на документ за лична идентификација (л.к.) преку која лицата стануваат **правно видливи** и добиваат можност да ги остваруваат своите права. Дополнително, Министерството за внатрешни работи согласно член 15 од Законот за лична карта е должно да изречува прекршок на физичко лице кое со наполнети 18 години живот не поседува лична карта или ќе се служи со лична карта чиј рок на важење е истечен.

Врз основа на горенаведеното, Комисијата смета дека неминовна е потребата од измена на Законот за пријавување на живеалиштето и престојувалиштето во насока тоа да предвиди одредби за пријавување на адреса на лица кои во моментот не поседуваат вселив имот или договор на закуп за стан. Следствено на ова, потребни се одредби кои ќе ги има во предвид лицата бездомници, лицата кои живеат во нелегализирани објекти и лицата сместени во социјална или здравствена установа на подолг временски период. Врз основа на тоа, бидејќи станува збор за социјално ранлива категорија на граѓани, Центрите за социјална работа треба да бидат предвидени во законското решение. Следствено, адресите на дел од горенаведените категории на граѓани можат да бидат предвидени во Центрите за социјална работа во реоните каде што граѓаните живеат или делуваат. Истото не претставува голема финансиска импликација односно предвидување на поштенски сандачиња во центрите за примање на писмена на овие категории на граѓани.

При анализа на предметниот проблем, Комисијата дополнително ги анализираше релевантните законски решенија во Хрватска и Србија. Имено, законското решение во Хрватска во член 6 од нивниот закон живеалиште предвидува дека на лицата кои немаат адреса на живеење или средства потребни за намирување на трошоци за станбени работи, со решение на надлежно тело ќе им се утврди престојувалиште на адреса на социјална установа или друга институција поврзана со давање на услуги за сместување. Во член 11 од српскиот закон се предвидува дека доколку граѓанинот не може да пријави престојувалиште врз основа на сопственост на имот, договор за закуп или друга правна основа, надлежен орган може да му утврди адреса во центарот за социјална работа во подрачјето каде што граѓанинот се наоѓа.

Согласно член 27 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, по утврдената дискриминација, со цел отстранување на повредите на правото, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја донесе следната:

**ПРЕПОРАКА**

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** Министерството за внатрешни работи во најкраток рок а не подоцна од три месеци да преложи законски измени и дополнувања на Законот за пријавување на живеалиште и престојувалиште на граѓаните, кои ќе овозможат пријавување на живеалиште/престојувалиште на лицата кои не поседуваат имот, ниту имаат имот под закуп

Доколку не се постапи согласно оваа препорака, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно своите надлежности од член 27 став 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, ќе поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежен суд за прекршоци.

Известител: Лимко Бејзароски – член на Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Скопје
29.8.2023 година

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација

Претседател на Комисијата
Исмаил Камбери

Доставено до:

- Министерство за внатрешни работи, ул. Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
- Европски центар за правата на Ромите, Ронд-Пуан Роберт Шуман 2-4, пош. Сандаче 6, 1040, Брисел, Белгија. E mail: Mustafa Asanovski <mustafa.asanovski@errc.org>
- Собрание на Р. Северна Македонија, Булевар 11 Октомври Бр.10 1000 Скопје